International Republican Institute IRI advancing democracy worldwide

**БРИФ ЗА ПОЛИТИКИ**

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

# ИНДЕКС НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Авторки: **Марија Мирчевска, Диана Жупаноска, Данче Даниловска-Бајдевска и Нада Наумовска**

Лектура: Елена Георгиевска

мај 2022

## РЕЗИМЕ

Отвореноста и доброто владеење се клучни за демократското функционирање на едно општество. **Отвореноста е обратно-пропорционална од стапката на корупција, така што повеќе отвореност и транспарентност, толку помалку корупција**.[1] Посебно значајни актери во демократскиот политички систем се политичките партии преку кои граѓаните ги реализираат своите политички очекувања и барања. Политичките партии кои успеваат да добијат доволна поддршка од граѓаните, стекнуваат пристап до раководење на институции преку кои учествуваат во утврдување на стратешкиот правец во кој се движи државата. Партиите на власт носат одлуки, ги креираат јавните политики и овозможуваат пристап на граѓаните до разни услуги. Извршувајќи ги овие важни демократски функции, политичките партии треба да практикуваат високи стандарди на отвореност и транспарентност.

Една од позначајните новини воведена во 2019 година, во Република Северна Македонија, е преобразувањето на политичките партии во иматели на информации од јавен карактер во однос на нивните приходи и расходи. Со цел да се измери нивната активна транспарентност, беше создаден

[1] Ades and Di Tella, 1999; Treisman, 1998; and Gatti, 1999 in Wei S., Natural Openness and Good Government (Harvard University, Brookings, World Bank, and NBER). Достапно на: https://cutt.ly/zGQWYNw. Пристапено на19.12.2021.

таканаречен „**Индекс на транспарентност на политичките партии**", преку кој се мери колку партиите во Северна Македонија проактивно, самостојно и редовно објавуваат информации за своето работење на сопствените веб-страници[2].

Анализата на резултатите покажува дека 43 % од 28. политички партии вклучени во истражувањето освоиле помеѓу 0 и 24 поени, односно, имаат незадоволителна активна транспарентност, 46 % освоиле помеѓу 25 и 48 поени и имаат задоволителна активна транспарентност, а само 11 % освоиле помеѓу 49 и 72 поени и се оценети со добра активна транспарентност. Ниту една партија не постигнала одлична активна транспарентност.

# 1 МЕТОДОЛОГИЈА И КАТЕГОРИИ НА ИНДЕКСОТ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Активната транспарентност подразбира обврска и должност на институциите да споделуваат целосни и навремени информации без граѓаните да го бараат тоа од нив - што е случај со пасивната транспарентност. Овој документ има за цел да ја измери активната транспарентност на партиите преку креираниот **Индекс на транспарентност на политичките партии**, кој содржи 33 прашања, **со вкупно 120 поени**[3]**.** За аналитички потреби на индексот, развиени се 5 степени на транспарентност на партиите:

- Одлична активна транспарентност – освоени помеѓу 120 и 97 поени;
- Многу добра активна транспарентност – освоени помеѓу 96 и 73 поени;
- Добра активна транспарентност – освоени помеѓу 72 и 49 поени;
- Задоволителна активна транспарентност – освоени помеѓу 48 и 25 поени;
- Незадоволителна активна транспарентност - освоени помеѓу 24 и 0 поени.

Во периодот **од 1 ноември до 20 декември 2021 година,** беа набљудувани **веб-страниците на сите политички партии кои се дел од парламентарниот состав од 2020 до 2024 година**[4] меѓу кои:

| |
|---|
| 1, Алијанса за Албанците (АзА): https://www.aleanca.eu/ |
| 2. Алтернатива: https://alternativa.mk/ |
| 3. ВМРО-ДПМНЕ: https://www.vmro-dpmne.org.mk/ |
| 4. ВМРО - Народна партија (ВМРО НП) |
| 5. Граѓанска опција за Македонија (ГРОМ): https://grom.mk/ |
| 6. Движење Беса (БЕСА): https://levizjabesa.mk/ |
| 7. Демократска обнова на Македонија (ДОМ): https://dom.org.mk/ |

[2] Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер член 1, Закон за финансирање на политички партии членови 17, 25 и 27, Изборен законик член 85.

[3] Последното 34. прашање се однесува само на 4 партии кои имаат формирано истражувачко-аналитички центри и истото не влегува во вкупната оценa од индексот.

[4] Собрание, сегашен состав 2020-2024. Достапно на: https://www.sobranie.mk/segashen-sostav-2020-2024.nspx Пристапено на 19.12.2021.

| |
|---|
| 8. Демократска партија на Албанците (ДПА): https://gurra-pdsh.org/ |
| 9. Демократска партија на Србите во Македонија (ДПСМ): http://dpsm.info/ |
| 10. Демократска партија на Турците на Македонија (ДПТМ): https://www.tdp.org.mk/ |
| 11. Демократска унија за интеграција (ДУИ): http://bdi.mk/ |
| 12. Демократски сојуз (ДС): https://www.demokratskisojuz.org.mk/ |
| 13. Левица: https://levica.mk/ |
| 14. Либерално-демократска партија (ЛДП): https://ldp.mk/ |
| 15. Нова социјалдемократска партија (НСДП): https://nsdp.org.mk/ |
| 16. Партија за движење на Турците (ПДТ): http://www.thp.mk/ |
| 17. Партија на пензионери (ПП): https://ppenzioneri.mk/ |
| 18. Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ): https://sdsm.org.mk/ |
| 19. Социјалистичка партија на Македонија (СПМ): https://spm.org.mk/ |
| 20. Српска странка во Македонија (ССМ): http://ssm.mk/ |

Од овие парламентарни партии, ВМРО-НП, Партија за движење на Турците и Демократска партија на Србите во Македонија немаат веб-страници или истите не беа функционални во периодот кога е правена анализата. Оттаму, овие партии немаат добиено поени и се исклучени од натамошната анализа.

Освен овие 20 политички партии, беа разгледувани **веб-страниците и на 8 вонпарламентарни партии**, кои имаат учествувано на обука за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер спроведена од Меѓународниот републикански институт (ИРИ) на 14 и 15 јуни 2021 година:

| |
|---|
| 21. Демократи: https://demokrati.mk/ |
| 22. Глас за Македонија (ГМ): https://www.glaszamakedonija.mk/ |
| 23. Интегра: https://integra.org.mk/ |
| 24. Партија на обединети демократи на Македонија (ПОДЕМ): https://podem.org.mk/ |
| 25. Трајно македонско радикално обединување (ТМРО): https://bit.ly/30HLQgm |
| 26. Социјалдемократска унија (СДУ): http://www.sdu.org.mk/ |
| 27. Партија за економски промени 21 (ПЕП 21) |
| 28. Сојуз на Ромите |

Партијата за економски промени 21 (ПЕП 21) и Сојузот на Ромите, исто така, немаат веб-страници и се исклучени од понатамошната анализа. Од вкупно 28 политички партии вклучени во примерокот на истражувањето, предмет на анализа кај поединечните индикатори се 23 функционални веб-страници. Прашањата од Индексот се структурирани во 4 категории:

| |
|---|
| 1. Основни информации за партијата; |
| 2. Пристап до информации од јавен карактер; |
| 3. Финансиска транспарентност; и |
| 4. Комуникација или отвореност со/кон членство и граѓани. |

Втората и третата категорија содржат прашања базирани на законското и активното исполнување на обврските од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Секое прашање има бодовно појаснување, односно критериуми кои треба да се исполнат со цел да се освојат максимум поени.[5]

## Категорија 1: Основни информации

| Во првата група на прашања, „основни информации“ има 10 прашања по кои се оценува транспарентноста во однос на објавените информации, а кои се однесуваат на: | |
|---|---|
| • | Органите на партијата; |
| • | Статутот на партијата, партиската програма и платформа; |
| • | Партиските комисии и останатите органи на партијата; како и |
| • | Информации за биографиите за претседателот, замениците-претседатели или потпретседатели и членовите на извршното колективно тело на партијата. |

## Категорија 2: Пристап до информации од јавен карактер

| Во втората група се вклучени 5 прашања кои се однесуваат на: | |
|---|---|
| • | Лицето одговорно за слободен пристап и негови контакт информации; |
| • | Листата на информации од јавен карактер; |
| • | Достапност на посебен дел/копче посветено на пристап до информации од јавен карактер; и |
| • | Достапност на информации за начинот и обрасците за поднесување на барање за информации од јавен карактер. |

## Категорија 3: Финансиска транспарентност

| Следниот сет на прашања се однесува на „активна финансиска транспарентност“ на партиите, односно дали ги објавуваат сите извештаи кои во согласност со законските прописи треба да ги достават до Државниот завод за ревизија (ДЗР) и другите институции. Дополнително се цени дали овие извештаи се во отворен формат, односно дали може да се пребаруваат и копираат. Така, во овој дел се анализира дали се објавени следните документи: | |
|---|---|
| • | Регистар на донации; |
| • | Извештај на донации; |

[5] Целиот Индекс за транспарентност на политичките партии е достапен како Анекс 1.

| | |
|---|---|
| • | Годишна финансиска сметка; |
| • | Годишен финансиски извештај; |
| • | Одлука за членарина; како и |
| • | Информации за донирање. |

### Категорија 4: Комуникација или отвореност со/кон членство и граѓани

| Во последниот дел, прашањата се однесуваат на „отвореноста“ на партијата, односно воспоставените механизми за електронска комуникација со граѓаните и членовите на партијата, меѓу кои: | |
|---|---|
| • | можноста граѓаните да најдат информации кои им се од интерес, како програма за избори; |
| • | достапност на информациите на повеќе јазици; |
| • | можност за пребарување на веб-страницата; |
| • | можност за доставување мислење или идеја од граѓани; |
| • | можност за зачленување во партијата; и |
| • | објавени правила за фер и етичко однесување на членовите на партијата и своите функционери. |

## 2 АКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ КАЈ ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ Е РЕЛАТИВНО НИСКА

Според резултатите добиени од Индексот на транспарентност на политичките партии, можеме да заклучиме дека **речиси 43 % од партиите** (12) кои се вклучени во примерокот, освоиле помеѓу 24 и 0 поени, и со тоа **спаѓаат во последната категорија на партии со „незадоволителна активна транспарентност“. Речиси 46 %** (13) освоиле помеѓу 48 и 25 поени, што ги сместува **во категоријата на партии со „задоволителна активна транспарентност“. Само 10 %** (3) од испитаните политички партии, освоиле помеѓу 72 и 49 поени и со тоа **влегоа во категоријата на партии со „добра активна транспарентност“.**




***Графички приказ бр. 1:***

*Степен на активна транспарентност на политичките партии*

| Ранг | Партија | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Левица | 72 |
| 2. | СДСМ | 55 |
| 3. | ДС | 54 |
| 4. | ДОМ | 45 |
| 5. | БЕСА | 35 |
| 5. | Демократи | 35 |
| 6. | НСДП | 34 |
| 7. | Глас за Македонија | 31 |
| 7. | СДУ | 31 |
| 8. | ГРОМ | 28,5 |
| 9. | ПП | 28 |
| 9. | ВМРО-ДПМНЕ | 28 |
| 9. | Интегра | 28 |
| 10. | ЛДП | 26 |

| Ранг | Партија | Поени |
|---|---|---|
| 11. | Српска странка | 25 |
| 11. | ДПТ | 25 |
| 12. | АзА | 22 |
| 13. | ПОДЕМ | 19 |
| 14. | СП | 17 |
| 15. | ДПА | 15 |
| 16. | ТМРО | 11 |
| 16. | Алтернатива | 11 |
| 16. | ДУИ | 11 |
| 17. | Сојуз на Ромите | 0 |
| 17. | ДПС | 0 |
| 17. | ПДТ | 0 |
| 17. | ПЕП 21 | 0 |
| 17. | ВМРО-НП | 0 |

***Табела бр. 1:***

*Вкупно рангирање на Индексот на транспарентност на политички партии*

**Најдобар резултат на Индексот на транспарентност има партијата Левица со 60 % (72 освоени поена). Веб-страницата е добро уредена и содржи голем дел од анализираните информации.** На пример, финансиските извештаи се наоѓаат во издвоен дел именуван „финансиски извештаи“ и истите се јасно поделени по години и по изборни циклуси, па лесно се пристапува и наоѓа конкретен финансиски извештај. Дополнително, има издвоен дел за информации од јавен карактер, има доволно информации за органите на партијата и членовите, редовно се објавуваат изборните програми итн. **Веднаш по Левица, следуваат СДСМ со 55 поени и ДС со 54 поени.** Сепак, додека Индексот мери колку политичките партии доследно ги спроведуваат законските обврски или применуваат добри практики за транспарентност, **Индексот не прави анализа на содржината или квалитетот на споделената информација.**

**Анализата на Индексот покажува дека мал дел од партиите имаат поставено минимум стандарди кои овозможуваат граѓанинот, новинарот или, пак, самите партиски членови да ги најдат потребните информации.**

Останатите заклучоци од добиените резултати се следните:

- Само една партија има освоено над 60 % од вкупните поени (Левица);
- Две партии имаат освоено над 45 % од вкупните поени (СДСМ и ДС);
- Во однос на најголемите четири партии, ВМРО-ДПМНЕ има 23 % од 120 поени (28 поени), од каде најмалку поени има во делот пристап до информации од јавен карактер со 0 (нула) поени и само 3 поени во делот на финансиска транспарентност. СДСМ, пак, е рангирана втора со 48 % од 120 поени (55 поени), од кои само 3 поени се во делот на пристап до информации од јавен карактер; ДУИ е на дното на листата со освоени само 11 поени; а АзА има 22 поена и е на 12. место по рангирање. Меѓу етничките албански партии БЕСА е најдобро рангирана со 35 поени;
- **Најслаби резултати партиите покажуваат во делот на слободен пристап до информации од јавен карактер**, каде дури 13 партии не освоиле ниеден поен, односно немаат никаков податок кој треба да е објавен во согласност со нивните законски обврски во однос на слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- Во однос на финансиската транспарентност, резултатите, исто така, се на ниско ниво, каде од вкупно 23 партии со функционални веб страни, дури 21 имаат под половина од вкупно 48 поени. **Просечната оцена во финансиската транспарентност е 26 %** или 12 од 48 поени;
- Само една политичка партија (ДОМ) има објавено неколку од законите по кои работат политичките партии;
- Само една политичка партија (Интегра) има објавено минимум правила за фер и етичко однесување на своите членови и партиски функционери;
- Ниту една политичка партија нема објавено список на вработени;
- Една политичка партија нема објавено основен контакт за комуникација (ТМРО);
- Поголемите партии како СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, но и дел од помалите партии како Левица, ги имаат целосно објавено контактите од општинските комитети. Од поголемите партии, единствено ДУИ нема објавено информации за општинските комитети;
- Годишни извештаи за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер имаат објавено, единствено, СДСМ, ДОМ, СДУ и Левица.




***Графички приказ бр. 2:***

*Индивидуални резултати од Индексот на транспарентност*

# 3 ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ НЕ СПОДЕЛУВААТ ДОВОЛНО ИНФОРМАЦИИ ЗА СВОИТЕ ЛИДЕРСТВА

Во делот „**основни информации**" се анализира достапноста на податоци за партијата, односно информации за органите на партијата, раководството на партијата, општинските и партиските комисии и слично. Во оваа категорија, најмногу поени освојуваат Левица, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ, додека од останатите поголеми партии ДУИ е на петнаесеттото место, а АзА на петтото.

| Основни информации (макс. 33 поени) | | |
|---|---|---|
| 1 | Левица | 22 |
| 2 | ВМРО-ДПМНЕ | 18 |
| 3 | СДСМ | 15 |
| 4 | ДС | 14 |
| 5 | АзА | 12 |
| 6 | Интегра | 12 |
| 7 | СДУ | 12 |
| 8 | ЛДП | 10 |
| 9 | НСДП | 10 |
| 10 | ГРОМ | 10 |

***Табела бр. 2:***

*10 највисоко рангирани партии во категоријата „основни информации"*

**Во однос на информации за организациската структура, Левица ги има набројано сите органи на партијата и ги опишува надлежностите засебно за секој орган, додека само ЛДП има органограм од партиските органи**. Останатите партии ги имаат набројано само партиските органи. Иако, најчесто, постојат посебни секции за партиските органи, тие или содржат скромни информации како, на пример, кој членува во органите или, пак, не содржат никакви информации.

Имено, во овој дел **ниту една партија нема објавено листа на вработени во партијата со контакт број или, пак, одлуки за избраните органи.**

**Само една политичка партија** (Глас за Македонија) **има објавено листа на членови на највисокиот орган[6], во конкретниот случај собранието на партијата.[7]**

**Само три партии ги имаат објавено листите на сите членови заедно со биографиите на највисокото извршно колективно тело според Статутот[8]**, а тоа се ДС, Левица и Интегра. Од друга страна, пак, ДОМ, Глас за Македонија, ДПА и СП немаат ниедна биографија на претседателите, замениците претседатели или членовите на највисокото извршно колективно тело. Листа на највисокото извршно колективно тело, но без биографии, имаат објавено: СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ЛДП, АзА, Демократи, СДУ, ПП, Алтернатива, НСДП и ДПТМ.

**Високи 73 % (17) од анализираните партии немаат објавено контакт информации од општинските комитети.** СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и Левица целосно ги имаат објавено контактите[9] од општинските комитети. ЛДП, ДПТМ и ПОДЕМ, пак, имаат објавено само делумни информации, односно ЛДП и ДПТМ ги имаат наброено општинските комитети и нивните претседатели, но немаат контакти, додека, пак, ПОДЕМ ги има наброено општинските комитети и контакт информациите (мејлови), но ги нема наброено претседателите на општинските комитети.

Дополнително, **никој нема објавено целосни информации за партиските комисии.** Најмногу информации има објавено Левица за програмските сектори, каде нема информации за нејзините членови, но има информации за координаторите на секторите и надлежностите на програмските сектори. Делумни информации[10] за партиските комисии имаат објавено СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и БЕСА. Останатите 19 партии, воопшто, немаат објавено никаква информација за партиските комисии.

Во однос на **законите по кои работат политичките партии,** единствено, ДОМ има три од пет закони со кои се уредува работењето на политичките партии[11].

Во овој дел интересно е да се напомни дека една политичка партија (ТМРО) нема објавено никаков контакт од партијата на своите веб-страници, Српска странка има само адреса, а кај АзА, БЕСА и Демократи недостасува телефонски контакт.

[6] Според Статутите на партиите, различно се именуваат органите кои ја вршат улогата на највисок орган на партијата. На пример: Конгрес (ВМРО, СДСМ, ДС, ДУИ, АзА, ДОМ, ГРОМ, Демократи, ПОДЕМ, Интегра, СДУ, Алтернатива, АП, НСДП); Пленум (Левица); Собрание (ЛДП, Глас за Македонија, Српска странка, ПП).

[7] Глас за Македонија, Основни раководни органи. Достапно на: https://www.glaszamakedonija.mk/osnovni-rakovodni-organi/. Пристапено на: 19.12.2021.

[8] Според статутите на партиите, различно се именуваат органите кои ја вршат улогата на највисоко извршно колективно тело. На пример: Извршен комитет (ВМРО, Демократи); Извршен одбор (СДСМ, ЛДП, ДОМ, ГРОМ, ПОДЕМ, ПП, НСДП); Президиум (Левица); Претседателство (ДС, Глас за Македонија, Интегра, СДУ, СП), Генерален совет (ДУИ); Централно раководство (АЗА);Централно претседателство (Алтернатива).

[9] Под целосно објавени контакти се подразбира: листа со општински комитети, информација за претседателот и контакт информации за комитетот.

[10] Рангирањето во согласност со индексот е следно: 0= Не е објавена никаква информација; 1= Објавена е листа само со набројани партиски комисии; 2 = Објавена е листа на партиски комисии и информација за претседатели; 3 = Објавена е листа на партиски комисии, информација за претседател и членови; 4 = Објавена е листа на партиски комисии, информација за претседател, членови и контакт информации за комисијата.

[11] Според авторките, основни закони кои ја регулираат работата на политичките партии се следните: Закон за политички партии, Закон за финансирање на политички партии, Изборен законик, Закон за спречување на корупција и судир на интереси, Закон за партиско истражувачки аналитички центри.




***Графички приказ бр. 3:***

*Индивидуални резултати во категоријата „основни информации“*

# 4 ПАРТИИТЕ НАЈМНОГУ ПОТФРЛААТ ВО ОБЈАВУВАЊЕТО НА ИНФОРМАЦИИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ЗАКОНОТ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Помалите партии имаат подобро организирани информации за слободен пристап до информации од јавен карактер**. **Најдобра партија во овој дел е ДОМ со освоени 11 од вкупно 17 поени, по што следуваат Левица и СДУ со по 7 поени.** Дури 13 партии немаат никаква информација за пристап до информации од јавен карактер, односно немаат освоено ниеден поен за оваа категорија на прашања.

| Пристап до информации од јавен карактер (макс.17 поени) | | |
|---|---|---|
| 1 | ДОМ | 11 |
| 2 | Левица | 7 |
| 3 | СДУ | 7 |
| 4 | СДСМ | 3 |
| 5 | НСДП | 3 |
| 6 | ДС | 2 |
| 7 | ГРОМ | 2 |
| 8 | ДПА | 2 |
| 9 | ПОДЕМ | 2 |
| 10 | СП | 2 |

***Табела бр. 3:***

*10 највисоко рангирани партии во категоријата „пристап до информации од јавен карактер“*



Само три политички партии имаат посебно **копче за пристап до информации од јавен карактер**, а тоа се Левица, ДОМ и СДУ, а, дополнително, 9 имаат информации за службеното лице за пристап до информации од јавен карактер.

СДСМ, Левица, ДОМ и СДУ, единствено, имаат **објавено годишни извештаи за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**.

Во однос на **достапност на образец - барање за пристап до информации од јавен карактер** или жалба по барање, единствено, ДОМ ги има објавено потребните обрасци, додека кај СДУ има линк кој води до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (АСПИ), што е, исто така, исправен начин за пристап до обрасците.

Левица, ДС и ДОМ имаат објавено **листа на информации од јавен карактер**, а, единствено, кај ДОМ, листата е дополнета со линкови кои го поврзуваат податокот со соодветниот документ. Така, иако листата на ДОМ не е целосна, на листата за информации од јавен карактер има линкови кои водат до 8 од 21 излистана информација, меѓу кои: статут на партијата, контакт, органограм, годишен финансиски извештај, обрасците за слободен пристап, законите релевантни за политичките партии, годишниот извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и контакт од лицето одговорно за слободен пристап до информации од јавен карактер.




***Графички приказ бр. 4:***

*Индивидуални резултати во категоријата „пристап до информации од јавен карактер“*

# 5 ШЕСТ ПАРТИИ ГИ ИМААТ ОБЈАВЕНО СИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА АНАЛИЗИРАНИОТ ТРИГОДИШЕН ПЕРИОД

Еден од главните предизвици поврзани со транспарентноста и отчетноста на политичките партии се однесува на достапноста на информации поврзани со финансирањето на политичките партии и изборите[12]. Овој ризик е присутен како во постарите, така и во помладите демократии.

Отворено и транспарентно финансирање на политичките партии и кандидатите е пожелно затоа што помага да бидеме сигурни дека сите играат по правила, што, пак, го зајакнува интегритетот и довербата во политичките процеси и политичките партии.[13]

Во согласност со законските и подзаконските акти политичките партии треба да ги креираат и објавуваат следните финансиски документи:

- Регистар на донации во согласност со членот 17 од Законот за финансирање на политички партии (понатаму во текстот ЗФПП)[14];
- Извештај од примени донации во согласност со членот 25 од ЗФПП;
- Годишен финансиски извештај во согласност со членот 27 од ЗФПП;
- Годишна сметка за финансиско работење во согласност со членот 27 од ЗФПП;
- Вкупен финансиски извештај за изборна кампања (локални, парламентарни и претседателски избори) во согласност со членот 85 од Изборниот законик[15].

Дополнително, преку Индексот проверувавме дали политичките партии ги објавуваат извештаите од Државниот завод за ревизија, без разлика дали е тоа ревизија на нивното редовно работење или, пак, поврзано со изборните циклуси.

Пред да се анализира кои политички партии ги објавуваат овие извештаи, потребно е да се направи разграничување помеѓу **регистарот на донации** и **извештајот на донации**. Имено, иако Законот прави разлика помеѓу овие два документа, се чини дека практиката на партиите не прави разлика помеѓу нив. Во членот 17 од ЗФПП се дефинира регистарот за донации кој треба да ги содржи следните информации: името, односно називот на секој донатор поединечно; видот и вредноста на донацијата и датумот на добивање на донацијата. Партиите се должни полугодишните регистри на донации да ги објавуваат на својата веб-страница. Притоа, во истиот член се вели дека образецот за регистарот на донации го пропишува министерот за финансии.

Извештајот од донации, пак, ги содржи истите податоци како и регистарот за донации, но се однесува на целата година и истиот се испраќа до Државниот завод за ревизија и до Управата за јавни приходи кои се должни да ги објават истите[16].

[12] Фалгуера, Џонс и Оман 2014.

[13] Digital Solutions for Political Finance Reporting and Disclosure by Samuel Jones, International Institute for Democracy and Electoral Assistance (International IDEA) 2017, страница 4

[14] Закон за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 76/2004; 86/2008; 161/2008; 96/2009; 148/2011; 142/2012; 23/2013 и 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/2020).

[15] Изборен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018;

[16] Вкупниот износ на поединечна донација во текот на една година, не смее да биде повисок од 60 просечни нето-плати за правни лица и 30 просечни плати за физички лица, според објавените податоци на Државниот завод за статистика за претходниот месец, во согласност со членот 16 од ЗФПП.

| Финансиска транспарентност (макс. 48 поени) | | |
|---|---|---|
| 1 | Левица | 30 |
| 2 | ДС | 25 |
| 3 | Демократи | 22 |
| 4 | СДСМ | 21 |
| 5 | БЕСА | 20 |
| 6 | Српска странка | 18 |
| 7 | НСДП | 16 |
| 8 | ДОМ | 14 |
| 9 | Глас за Македонија | 14 |
| 10 | ПП | 13 |

***Табела бр. 4:***

*10 највисоко рангирани партии во категоријата „финансиска транспарентност"*

Имено, **политичките партии ретко ги објавуваат и регистарот на донации и извештајот на донации.** Дури и партиите кои се високо рангирани на листата како најтранспарентни како Левица, СДСМ и ДС им недостасуваат по еден или два документа од овие две категории на документи. Чекор понапред е објавување на овие документи во отворен или пребарлив формат и кој може да се копира, а таков пример има само во два случаја.

Ако се погледнат одблиску регистрите на донации на политичките партии може да се заклучат неколку работи: чести донатори на партиите на власт или на парламентарните партии се нивни функционери и/или лица од нивна блиска фамилија, а кај помалите партии во случај кога имаат донации тоа се нивните претседатели и/или нивните фамилии[17]. Во однос на донации од правни лица, тие се малку по број, само 4 партии имаат донации од правни лица во последните три години.

Од сите наброени пет документи погоре (финансиски извештаи) **само два документа од две партии се објавени во отворен формат за пребарување. Имено, НСДП има објавено еден Извештај за донации за 2019 година во отворен формат, односно во Excel[18], а ДПТМ Билансот на состојба за 2018 година го објавува во doc формат.**

Според базата на податоци на Меѓународниот институт за демократија и изборна поддршка (*International IDEA)*, иако 62 % од земјите бараат од политичките партии и/или кандидатите јавно да обелоденат финансиски информации, овие податоци често се достапни само во печатена форма или, во сумирани или PDF форма кога се објавени на интернет. Така, според *International IDEA*, може да биде тешко (или дури невозможно)

[17] Како пример, видете регистар на донации на ВМРО-ДПМНЕ за 2019 година: https://bit.ly/3EdaVxA, односно Годишен регистар на донации на Левица за 2020 година: https://cutt.ly/4GRpVnO

[18] Иако за таа година донациите им се еднакви на нула, сепак, го издвојуваме примерот како добра практика.

јавноста да извлече корисни или значајни податоци. Само мал број на земји во моментов имаат онлајн систем за известување за политичките финансии со автоматизирана база на податоци[19].




***Графички приказ бр. 5:***

*Индивидуални резултати во категорија „финансиска транспарентност“*

**Само две политички партии[20] имаат објавено ревизорски извештај од ДЗР за своето работење, иако оваа институција на сопствената веб-страница редовно ги објавува извештаите за работењето на партиите и извештаите од сметките за изборните кампањи.** Само за илустрација, ДЗР на својата веб-страница за ВМРО-ДПМНЕ има објавено најмалку 13 ревизии, за СДСМ 12 ревизии, за ДУИ 8 ревизии, додека за помалите партии како ЛДП, ДС и ДОМ има објавено по 2 ревизии.

**Половина од политичките партии (11) немаат објавено годишна сметка за финансиското работење.** Од 23 партии со функционални веб-страници само 3 партии (БЕСА, ДС и СС) ги имаат објавено сметките за 2018, 2019 и 2020 година, што укажува на континуитет и свесност за потребата да се објавуваат ваков тип на информации, кај овие партии.

Во согласност со законските прописи, министерот за финансии го пропишува **образецот за годишниот финансиски извештај**, но и регистарот на донации, иако на веб-страницата на Министерството за финансии се наоѓа, единствено, образецот за годишниот финансиски извештај.[21]

Осум партии ги имаат објавено **годишните финансиски извештаи** за 2018, 2019 и 2020 година, 6 партии имаат делумно објавени информации (по еден или два извештаја од трите години) и 9 партии немаат објавено ниту еден годишен финансиски извештај.

Последно, доколку член на партијата сака да провери колку изнесува **членарината** со цел да ја плати, оваа информација може да се најде онлајн само кај две политички партии, а тоа се ГМ и Левица.

---

[19] Digital Solutions for Political Finance Reporting and Disclosure by Samuel Jones publisged by International Institute for Democracy and Electoral Assistance (International IDEA) 2017, страница 9.

[20] Партија на пензионери ги има објавено сите извештаи, додека Социјалдемократската унија има објавено еден од ревизорските извештаи.

[21] Министерство за финансии, Извештаи за политички партии. Достапно на: https://bit.ly/3e99Fkf. Пристапено на: 19.12.2021.

# 6 ВЕБ-СТРАНИЦИТЕ НА ДЗР И УЈП – ИЗВОР НА ДЕЛ, НО НЕ НА СИТЕ ФИНАНСИСКИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПАРТИИТЕ

Во согласност со членот 25 од Законот за финансирање на политичките партии, извештаите за донации треба да ги објавува Државниот завод за ревизија и Управата за јавни приходи.

Управата за јавни приходи систематски ги објавува, единствено, извештаите за донации на политичките партии, кои може да се прегледуваат по години, а редоследот на објавените извештаи е по азбучен ред.[22] Единствениот недостаток е што ни оваа база на податоци не е целосна. Имено, во согласност со регистарот на политички партии во државата има 61 партија.[23] За 2020 година на страна на Управата за јавни приходи објавени се 21 извештај на донации, за 2019 година објавени се 19 извештаи, за 2018 објавени се 22 извештаи, за 2017 година објавени се 19 извештаи итн.

Кај Државниот завод за ревизија може да се најдат повеќе информации за финансиите на политичките партии. Оваа институција има објавено информации по години и систематизирани во категорија „извештаи од донации за партиите“[24]. Понатаму, на веб-страницата има посебно копче/таб, кое се однесува на последните локални избори каде може да се најдат сите извештаи на политичките партии за локалните избори во 2021 година[25]. Исто така, со пребарување на името на политичката партија, се наоѓаат сите извештаи на регуларност и успешност подготвени од Државниот завод за ревизија за таа партија.[26] Единствен недостаток е што финансиските извештаи на политичките партии за редовната сметка може да се најдат само од последната година, односно во моментот тоа би било од 2020 година.[27]

Иако има, навистина, голема база на податоци веб-страницата на Државниот завод за ревизија, сепак, има простор за подобрување на структурата на прикажување и начинот на пребарување. Оттаму, би предложиле **да се овозможи систематизирање на базите на податоци, на пример, по следните категории: извештаи по изборни циклуси, извештаи за регуларност на редовно работење, извештаи на регуларност на изборните сметки, финансиски извештаи и годишни сметки на политичките партии по години** итн.



[22] Управа за јавни приходи, Финансирање на политички партии. Достапно на: http://www.ujp.gov.mk/mk/prebaruvanje/category/865 Пристапено на 4.12.2021.

[23] Основен граѓански суд Скопје, Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до авторите со бр.27/21 од 1.10.2021 година.

[24] Државен завод за ревизија, Извештаи за донации за 2019 година. Достапно на: https://cutt.ly/OGRarbF Пристапено на 4.12.2021. Државен завод за ревизија, Извештаи за донации за 2018. Достапно на: https://cutt.ly/3GRami4.

[25] Локални избори 2021: https://dzr.mk/mk/izvestai-politicki-partii. Пристапено на 4.12.2021.

[26] Како илустративен пример при пребарување на политичката партија, видете Глас за Македонија: https://cutt.ly/WGRas9J.

[27] Државен завод за ревизија, Финансиски извештаи на политички партии за 2020 година. Достапно на: https://cutt.ly/BGRazDk.

# 7 САМО ТРИ ПАРТИИ ИМААТ ВЕРЗИЈА НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА И НА ДРУГ ЈАЗИК ОСВЕН ОСНОВНИОТ

Во рамките на ова истражување, авторките спроведоа и прашалник наменет за медиуми и граѓански организации, преку кој се осознаваат ставовите и искуствата на испитаниците во врска со системот за финансирање на политичките партии[28]. 62 % од испитаните медиуми и граѓански организации сметаат дека веб-страниците на политичките партии се делумно пребарливи, додека дополнителни 17 % велат дека веб-страниците воопшто не се пребарливи.

Посебно значајни актери во демократскиот политички систем се политичките партии преку кои граѓаните ги реализираат своите политички очекувања и барања. Политичките партии кои успеваат да добијат доволна поддршка на изборите, стекнуваат моќ да ги раководат институциите и на тој начин учествуваат во утврдување на стратешкиот правец во кој се движи државата, во носење одлуки, во креирање и спроведување на јавните политики и овозможување на пристап до јавните услуги. Извршувајќи ја оваа важна демократска функција, политичките партии треба да исполнуваат високи стандарди на отвореност и транспарентност.

Меѓутоа, **доколку граѓанинот сака да најде информации за изборните програми на политичките партии и, на пример, да провери колку ги исполниле изборните ветувања или, пак, колку се застапувале за истите, кај 10 политички партии, воопшто нема документи како изборна програма**. Само кај три партии, СДСМ, Левица и ДС се достапни програмите од последните три изборни циклуси. ДОМ и ГРОМ имаат по две изборни програми, останатите 8 партии имаат објавено по една изборна програма.

Дополнителен проблем е што понекогаш партиите, воспоставуваат сосема нова веб-страница за одредени изборни циклуси, но нема линк, банер или таб од основната веб-страница на политичката партија кој би водел до новоизработената страница за изборите. Ваков пример постои кај СДСМ со последните локални избори, каде за потребите на изборите постои нов сајт каде се наоѓаат информации за кандидатите за градоначалници и нивните изборни ветувања (кратки програми), но истиот како линк не може да се најде на основната веб-страница на СДСМ.[29]

Освен програми на политичките партии, **кај Алтернатива може да се најде и отчет за сработеното од 2018 до 2020 година**[30]. Ова го издвојуваме како **добра практика со оглед на тоа дека ја зголемува транспарентноста на партијата и дава преглед на сумирани постигнати резултати**. Во 2016 година, според информации од медиумите и ВМРО-ДПМНЕ има изработено отчет за сработеното на коалицијата „За подобра Македонија", но истиот не може да се најде на сајтот на ВМРО-ДПМНЕ[31].

[28] Електронскиот прашалник го започнаа 37 испитаници, а целосно го одговорија 25 испитаници, односно 28 % од таргетираниот, пригоден примерок, во периодот од 8 до 20 октомври 2021 година. Базата на испитаници онлајн медиуми кои покриваат прашања од областа, беше креирана врз примерок од дигиталниот регистар на професионални онлајн медиуми, достапен на: https://pro-media.mk/. Базата на испитаници граѓански организации беше креирана врз основа на мапирањето на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на организации активни во областа „Демократија, човекови права и владеење на правото", достапен на: https://nvosorabotka.gov.mk/?q=node/38. Прашалникот беше испратен до 19 онлајн медиуми, 9 телевизии и 62 граѓански организации кои се активни во областа. Од добиените одговори, 40,54 % се од претставници на медиуми (15), 56,76 % се претставници на граѓански организации (21), а 2,7 % не одговориле.

[29] СДСМ, Веб-страницата на СДСМ за локалните избори 2021 година. Достапна на: https://najdobroto.mk/. Пристапено на 19.12.2021.

[30] Алтернатива, Отчет за сработеното на Алтернатива од 2018 до 2020 година. Достапно на: https://cutt.ly/VGRjqTd. Пристапено на 19.12.2021.

[31] Сител, Отчет на ВМРО-ДПМНЕ. Достапно на: https://cutt.ly/pGRjuqe. Пристапено на: 7.12.2021 година.




***Графички приказ бр. 6:***

*Индивидуални резултати во категорија „комуникација со граѓани“*

Само СДСМ и ДОМ имаат објавено информација дека потпишале **кодекс за фер и демократски избори на последните локални избори**, а ниту една партија го нема објавено потпишаниот Кодекс.

Само една партија има објавено систем на правила како да се постапи во случај на судир на интереси при вршење на партиска и јавна функција. Имено, **Интегра има Етички кодекс кој се состои од три дела: етички насоки за партиски членови; етички насоки за партиски и државни функционери; и етички насоки за партиски тела.** Во вториот дел од етичкиот кодекс меѓу другото се говори и за рационално користење на државни ресурси кои не смеат да се злоупотребуваат за партиски цели, како и за рационално трошење на народните пари, говори за јавните тендери и непотизмот итн.[32] СДСМ има објавено вест на својата веб-страница која се однесува на нов етички кодекс кој партијата го има усвоено, но истиот не е објавен на нивната веб-страница.[33]

Во однос на **превод на веб-страниците** на јазик различен од основниот, БЕСА има превод на македонски, а оригиналната веб-страница е на албански јазик; СДСМ има превод на албански јазик, а оригиналната веб-страница е на македонски јазик. Интегра, пак, има оригинална веб-страница на македонски јазик и превод на англиски јазик. ДУИ има опција/копчиња за превод, но тие не се функционални.

Ниту една друга партија нема превод на друг јазик освен на основниот јазик. Така, македонските партии имаат веб-страници, единствено, на македонски, а албанските партии имаат веб-страници кои се на албански јазик, ДПТМ има само на турски јазик, Српска Странка има веб-страница на македонски јазик, и има копче за превод на српски, но не е функционално.

Освен ажурирани веб-страници, подеднакво важно е политичките партии да се активни и на **социјалните медиуми**. Може да се заклучи дека партиите се активни на социјалните медиуми, со оглед на тоа што дури 43 % или 10 партии имаат канали на сите четири социјални медиуми: Фејсбук, Твитер, Инстаграм и Јутјуб; 30 % имаат на три од овие канали; а само две политички партии (ТМРО и СП) имаат по еден канал, а тоа е Фејсбук.

Доколку, пак, некој сака да најде информации со **брзо пребарување на веб-страницата**, тоа не може да го направи кај 39 % од партиите, односно овие партии немаат алатка за пребарување на веб-страницата. Сепак, 61 % од партиите имаат некаква опција за пребарување на своите веб-страници, но ниту една нема опција за напредно пребарување[34].

[32] Интегра, Етички кодекс. Достапен на: https://cutt.ly/EGRjh5a. Пристапено на 6.12.2021.

[33] Социјалдемократски сојуз, Седница на Надзорниот одбор на СДСМ, избран претседател, поставени темели за работа, одговорност, отчетност и почитување на Етичкиот кодекс приоритети. Објавено на: https://sdsm.org.mk/soopstenija/25345. Пристапено на: 14.1.2022.

[34] Напредно пребарување дозволува корисникот да ги стесни своите пребарувања користејќи различни филтри, како клучни зборови, датум, автор, јазик и слично.

Доколку сакате да **оставите некаков коментар, придонес или да споделите некаква идеја** тоа можете да го направите само кај 12 партии, 10 партии немаат опција на веб-страниците каде може да оставите мислење како граѓанин или член на партијата. Како добра практика во овој дел ја издвојуваме веб-страницата на ВМРО-ДПМНЕ која има посебен дел наречен ТВОЈА ИДЕЈА која се наоѓа на почетната страница на партијата и освен што можете да оставите коментар или да дадете идеја, можете дополнително да прикачите и документ.

Доколку, пак, сакате да **станете член** на одредена политичка партија, преку веб-страницата тоа можете да го направите кај 14 од вкупно 23 партии кои имаат функционални веб-страници во периодот кога е правена анализата.

# 8 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ЗА МЕРКИ И ПОЛИТИКИ

## 8.1 ЗАКЛУЧОЦИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Индексот за транспарентност на политичките партии развиен за оваа потреба мери колку политичките партии во Република Северна Македонија доследно ги спроведуваат законските обврски или применуваат добри практики за транспарентност. Во таа смисла, тој е дизајниран и наменет за примена на национално ниво. Индексот не прави анализа на содржината или квалитетот на споделената информација.

Според резултатите добиени од Индексот на транспарентност на политичките партии, можеме да заклучиме дека речиси 43 % од партиите (12) кои се вклучени во примерокот, освоиле помеѓу 24 и 0 поени, и со тоа спаѓаат во последната категорија на партии со „незадоволителна активна транспарентност“. Пет од овие партии немаат функционални веб-страници, и со тоа, воопшто, немаат добиено поени. Речиси 46 % (13) од анализираните политички партии освоиле помеѓу 48 и 25 поени, што ги сместува во категоријата на партии со „задоволителна активна транспарентност“. Само 10 % (3) од истражуваните политички партии, освоиле помеѓу 72 и 49 поени, и со тоа влегоа во категоријата на партии со „добра активна транспарентност“.

Овие наоди ни укажуваат дека степенот на активна транспарентност кај политичките партии е релативно низок и постои значителен простор за унапредување. Дури и оние партии кои се највисоко рангирани се наоѓаат само во категоријата „добра активна транспарентност“, а не во онаа за одлична транспарентност.

**Партиите на своите веб-страници објавуваат мал обем на информации врзани за нивната работа и потребно е да се вложат значителни напори за подобрување на нивната активна транспарентност**. Исклучок од овој наод се партиските соопштенија кои се објавуваат на редовна основа. Дополнително, **веб-страниците на партиите се, генерално, неуредени и тешко пребарливи**, па често информациите се скриени во делови на веб-страницата кои не одговараат на описот или името. Но, дури и кога информациите се достапни, форматот во кои се објавуваат не е отворен формат, па оттаму тешко може да располага со тие информации, за истражувачки или аналитички цели.

**Партиите најслаби резултати покажуваат во делот на слободен пристап до информации од јавен карактер**, каде

политичките партии имаат објавено само минимум информација за слободен пристап до информации за јавен карактер (само 9 партии), а тоа е, најчесто, контакт со лицето одговорно за слободен пристап. Дури 13 партии немаат објавено никаква информација за начинот на кој граѓаните може да го искористат ова право.

Шест партии ги имаат објавено годишните финансиски извештаи за 2018, 2019 и 2020 година, 5 партии имаат делумно објавени информации (по еден или два извештаја од трите години) и 9 партии немаат објавено ниту еден годишен финансиски извештај.

Половина од политичките партии (11) немаат објавено годишна сметка за финансиското работење. Од 23 политички партии само 3 (БЕСА, ДС и Српска странка) ги имаат објавени завршните сметки за 2018, 2019 и 2020 година, а во однос на извештај на донации и регистар на донации, дури 36 % од политичките партии немаат објавено ниту еден од овие два документа.

Ваквиот тип на финансиски документи тешко се наоѓаат и на официјалните веб-страници на институциите кои се одговорни за вршење надзор на работењето на политичките страни. Недостасува уредена и лесно пребарлива база на податоци која ќе содржи систематизирани податоци за политичките партии.

Кај 43 % од политичките партии не постои никаква информација за изборните програми, а само три партии имаат изборни програми за последните три изборни циклуси. Иако Северна Македонија се декларира како мултиетничко општество, политичките партии имаат еднојазични веб-страници. Исклучок се БЕСА, СДСМ и Интегра кои имаат опција за втор јазик на своите веб-страници.

## 8.2 ПРЕПОРАКИ ЗА МЕРКИ И ПОЛИТИКИ

Врз основа на горенаведените заклучоци, авторките ги даваат следните препораки:

- **Политичките партии да ги уредат своите веб-страници**, следејќи го Индексот на отвореност, односно да ги објават информациите содржани во индексот;
- Потребно е политичките партии да ги уредат, или ако немаат, **да постават посебни секции за слободен пристап до информации од јавен карактер и финансиска транспарентност**;
- Политичките партии треба **да го олеснат процесот на добивање на јавна информација** со тоа што Законот за пристап до информации од јавен карактер и обрасците ќе бидат достапни на нивната веб-страница, а роковите и фазите на постапката ќе бидат соодветно објаснети. Неопходно е да бидат транспарентно објавени контакт информациите од лицето назначено за посредување со пристапот до информации од јавен карактер;
- Политичките партии треба да **го зголемат обемот на информации кои се однесуваат на нивното програмско работење** преку редовно објавување на партиските и изборните програми, програмските определби;
- Политичките партии треба **да ја зголемат транспарентноста во однос на сопственото лидерство и партиски структури** со објавување на информации за структурата, надлежностите, членовите и нивните биографии и контакти;
- Политичките партии, особено, треба да ја **унапредат транспарентноста со објавување на сите финансиски документи за своето работење** (финансиски извештаи, завршни сметки, извештаи и регистри за донации) групирани и по години и изборни циклуси; ревизорски извештаи; извештаи за спроведување на Законот за пристап до информации од јавен карактер;
- Политичките партии да објавуваат повеќе **податоци во отворен формат**, на пример, регистарот на донации и извештајот на донации;

- Да се креира **единствена база на податоци со сите извештаи од приходите и расходите на политичките партии** која ќе може да се пребарува по година, изборен циклус и политичка партија. Оваа база предлагаме да биде водена од ДЗР или друга надлежна институција;
- Институциите да создадат услови за **дигитално финансиско известување**, со што автоматски се создаваат дигитални бази на податоци поврзани со приходите и расходите на политичките партии;
- Да се воведат **дигитални алатки насочени кон членството**, како: електронско плаќање на членарина и донации; електронска регистрација на членови; поднесување на коментар/сугестија/прашање;
- Да се воведе **повеќејазичност на веб-страниците**, имајќи ја предвид мултилингвалната реалност во државата.

## АНЕКС 1: Индекс на транспарентност на политички партии

| Прашања | Бодовно појаснување | Макс.поени |
|---|---|---|
| Дали се објавени актите на политичката партија кои се однесуваат на дејствувањето на политичката партија, а се утврдени со законите во Република Северна Македонија (Статут на политичката партија, програма, одлука за избор на органи)? | 0 = Ниеден акт не е објавен;<br>1 = Објавен е статут;<br>2 = Објавен е статут и програма;<br>3 = Објавен е статут, програма и одлука за органите. | 3 |
| Дали се поставени законите со кои се уредува начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии и нивното финансирање (Закон за политички партии, Закон за финансирање на политичките партии, Закон за партиски истражувачко-аналитички центри, Изборен законик, Закон за спречување на корупција и судир на интереси)? | 0 = Ниеден закон не е објавен;<br>1 = Објавен е 1 закон;<br>2 = Објавени се помеѓу 1 и 3 закони;<br>3 = Објавени се помеѓу 3 и 5 закони. | 3 |
| Дали се објавени основни податоци за контакт со политичката партија? (адреса, телефонски број, мејл адреса) | 0 = Не се објавени податоци;<br>1 = Адреса;<br>2 = Адреса и телефон;<br>3 = Адреса, телефон и мејл. | 3 |
| Дали е објавен список на лица вработени во политичката партија со позиција, службен мејл и службен телефон? | 0 = Не се објавени информации;<br>1 = Објавен е список на вработени;<br>2 = Објавен е список на вработени со позиции;<br>3 = Објавен е список на вработени со позиции и контакт информации. | 3 |
| Дали се објавени информации за организациската структура (шема, органограм) на партијата? | 0 = Не се објавени информации;<br>1 = Наброени органи на партијата;<br>2 = Наброени органи, со опис на надлежности;<br>3 = Наброени органи, со опис на надлежности, придружени со графички приказ на организациската структура на партијата. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| Дали се објавени биографии за претседателот на партијата, заменици и/или потпретседатели на партијата доколку постојат во согласност со статут? | 0 = Не се објавени информации;<br>1 = Објавени се помеѓу 0 и 30 % од информациите;<br>2 = Објавени се помеѓу 30 % и 60 % од информациите;<br>3 = Објавени се помеѓу 60 % и 80 % од информациите;<br>4 = Објавени се помеѓу 80 % и 100 % од информациите. | 4 |
| Дали се објавени биографиите на извршното колективно тело? | 0 = Не се објавени информации;<br>1 = Објавена е листа на членови;<br>2= Објавена е листа и помеѓу 0 и 30 % од биографиите;<br>3 = Објавена е листа и помеѓу 30 и 60 % од биографиите;<br>4 = Објавена е листа и помеѓу 60 и 80 % од биографиите;<br>5 = Објавена е листа и помеѓу 80 и 100 % од биографиите. | 5 |
| Дали е објавена листа на членови на највисокиот колективен орган? | 0 = Не е објавена листа;<br>2 = Објавена е листа. | 2 |
| Дали се објавени информации за општинските комитети? | 0 = Не се објавени никакви информации;<br>1 = Објавена е листа само со наброени општински комитети;<br>2 = Објавена е листа со општински комитет и информација за претседател;<br>3 = Објавена е листа со општински комитети, информација за претседател и контакт информации за комитетот. | 3 |
| Дали се објавени информации за партиски комисии? | 0 = Не се објавени никакви информации;<br>1 = Објавена е листа само со наброени партиски комисии;<br>2 = Објавена е листа на партиски комисии и информација за претседатели;<br>3 = Објавена е листа на партиски комисии, информација за претседател и членови;<br>4 = Објавена е листа на партиски комисии, информација за претседател, членови и контакт информации за комисијата | 4 |
| Дали на веб-страницата има посебен дел за пристап до информации од јавен карактер? | 0 = Нема посебен дел за пристап до информации од јавен карактер;<br>1 = Има, но потребни се барем два клика да се стигне до веб-страницата;<br>2 = Има и потребен е еден клик да се стигне до веб-страницата. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| Дали се објавени основни податоци за контакт со службеното лице за посредување со информации (име и презиме, телефон, адреса и мејл)? | 0 = Не се објавени податоци;<br>1 = Објавени се адреса, мејл и телефон на партијата;<br>2 = Објавено е само лично име;<br>3 = Објавено е лично име и нецелосни контакт информации (недостасува минимум едно од следните: адреса, мејл, директен телефон);<br>4 = Објавено е лично име и сите контакт информации на лицата задолжени за пристап. | 4 |
| Дали се објавени информации за начинот на поднесување на барање за пристап до информации? | 0 = Не се објавени информации;<br>1 = Објавен е Законот за пристап до информации од јавен карактер;<br>2 = Објавен е Законот и образец за барање;<br>3 = Објавен е Законот, образец за барање и жалба;<br>4 = Објавен е Законот, образецот за барање и жалба,  поедноставено е објаснета постапката и роковите;<br>5 = Објавен е Законот, образецот за барање и жалба, поедноставено е објаснета постапката и роковите и има електронска форма за поднесување пријава. | 5 |
| Дали е објавена листа на информации со кои располага партијата? | 0 = Не е објавена листа со информации;<br>1 = Објавена е листа со информации и од 0 до 25 % од информациите се веднаш, непосредно достапни на истата веб-страница (линкови, закачени документи);<br>2 = Објавена е листа и 25 % до 50 % од информациите на листата се веднаш, непосредно достапни на истата веб-страница (линкови, закачени документи);<br>3 = Објавена е листа и 50 % до 75 % од информациите на листата се веднаш, непосредно достапни на истата веб-страница (линкови, закачени документи);<br>4 = Објавена е листа и 75 % до 100 % од информациите на листата се веднаш, непосредно достапни на истата веб-страница (линкови, закачени документи). | 4 |
| Дали на веб-страницата постои годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а кој е доставен до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во тековната година за претходната година, во согласност со членот 36 од Законот за пристап до информации од јавен карактер? | 0 = Не е објавен извештајот;<br>2 = Објавен е извештајот. | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| Дали е објавен регистарот за добиени донации, во согласност со членот 17 од Законот за финансирање на политички партии за годините 2018, 2019, 2020? | 0 = Не е објавен регистарот;<br>2 = Објавен е регистарот за една од последните три години;<br>4 = Објавен е регистарот за две од последните три години;<br>6 = Објавен е регистарот за сите последни три години. | 6 |
| Дали е објавен извештајот за добиени донации, во согласност со членот 25 од Законот за финансирање на политички партии за годините 2018, 2019, 2020? | 0 = Не е објавен извештајот;<br>2 = Објавен е извештајот за една од последните три години;<br>4 = Објавен е извештајот за две од последните три години;<br>6 = Објавен е извештајот за сите последни три години. | 6 |
| Дали е објавена годишната сметка за финансиското работење, во согласност со членот 27 од Законот за финансирање на политички партии за годините 2018, 2019, 2020? | 0 = Не е објавена ниедна годишна сметка во последните три години;<br>2 = Објавена е една годишна сметка во последните три години;<br>4 = Објавени се две годишни сметки во последните три години;<br>6 = Објавени се три годишни сметки во последните три години. | 6 |
| Дали е објавен годишен финансиски извештај, во согласност со членот 27 од Законот за финансирање на политички партии за годините 2018, 2019, 2020? | 0 = Не е објавен годишен финансиски извештај во последните три години;<br>2 = Објавен е еден извештај во последните три години;<br>4 = Објавени се два извештаја во последните три години;<br>6 = Објавени се три извештаи во последните три години. | 6 |
| Дали е објавен вкупен финансиски извештај за изборната кампања за парламентарните избори 2020 година и локалните избори 2017 година, во согласност со членот 85(1) од Изборен законик? | 0 = Не е објавен извештајот;<br>2 = Објавен е еден од двата извештаја;<br>4 = Објавени се двата извештаја. | 4 |
| Дали се објавени ревизорските извештаи од извршените ревизии врз работата на партијата од страна на Државниот завод за ревизија? | 0 = Помеѓу 0 и 25 % совпаѓање;<br>1 = Помеѓу 25 и 50 % совпаѓање;<br>2 = Помеѓу 50 и 75 % совпаѓање;<br>3 = Помеѓу 75 и 100 % совпаѓање. | 3 |
| Дали дел од документите (регистар на донации и извештај на донации) се објавени во отворен формат (excel, csv, html)? | 1= Барем еден регистар на донации или барем еден извештај на донации;<br>2 = Барем по еден од регистар на донации и извештај на донации. | 2 |
| Дали дел од документите (статут, партиска програма, програмите од последните три изборни циклуси, завршна сметка, финансиски извештај) се објавени во формат кој дозволува пребарување и копирање ? | Секој документ е еднаков на 1 поен, можни се максимум 7 поени.<br>Ако може само едно (копирање или пребарување) половина поен. | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| Дали постои посебен дел посветен за донации? | 0 = Не постои посебен дел;<br>1 = Да, постои дел со информации;<br>2 = Да, постои дел со информации и можност за уплата на донации оналјн. | 2 |
| Дали е објавена одлуката за износ на членарина за годините 2019, 2020 и 2021? | 0 = Не е објавена ниедна одлука;<br>2 = Објавена е една одлука во последните три години;<br>4 = Објавени се две одлуки во последните три години;<br>6 = Објавени се три одлуки во последните три години. | 6 |
| Дали е објавен кодексот за фер и демократски избори потпишан од сите парламентарни партии на 23 септември 2021 година? | 0 = Не е објавен кодексот;<br>1 = Има објавено информации за потпишување (објава како вест на веб-страницата), но не е објавен кодексот;<br>2 = Нема објавено информации за потпишување на кодексот, но кодексот е објавен;<br>3 = Има информации за потпишување и истите се објавени. | 3 |
| Дали се објавени правила/насоки на партијата кои укажуваат како да се избегне и/или да се постапи во случај на потенцијален судир на интереси при вршење на партиска функција и државна/политичка функција ? | 0 = Не се објавени вакви правила/насоки;<br>2 = Објавени се вакви правила/насоки. | 2 |
| Дали се објавени програмите од последните три изборни циклуси? | 0 = Не е објавена ниедна програма;<br>2 = Еден изборен циклус;<br>4 = Два изборни циклуса;<br>6 = Три изборни циклуси. | 6 |
| Дали има дел на веб-страницата за зачленување? | 0 = Нема ваков дел;<br>1 = Да, но на два клика;<br>2 = Да, на еден клик. | 2 |
| Дали имаат опција за пребарување на веб-страницата? | 0 = Нема;<br>1 = Има основна опција за пребарување;<br>2 = Има напредна опција за пребарување. | 2 |
| Дали имаат механизми за фидбек од граѓани? | 0 = Нема;<br>1 = Има. | 1 |
| Дали имаат социјални медиуми? | Секој канал е еден поен (Фејсбук, Инстаграм, Твитер, Јутјуб) | 4 |
| Дали има превод на веб-страницата? | 1 = Основниот јазик плус еден јазик (македонски, албански или англиски);<br>2 = Основниот јазик плус два јазика (македонски, албански или англиски). | 2 |
| * (Само за 4 најголеми партии, не влегува во индексот) Дали е објавен финансиски извештај за материјално-финансиско работење на партиско истражувачко-аналитички центар на партијата (посебна жиро-сметка), за годините 2018, 2019, 2020? | 0 = Не е објавен ниеден извештај;<br>2 = Објавен е еден извештај во последните три години;<br>4 = Објавени се два извештаја во последните три години;<br>6 = Објавени се три извештаи во последните три години. | 0 |
| **Вкупно** | | **120** |

## АНЕКС 2: Добри практики од граѓанското општество и медиумите за ефикасен надзор врз работата на партиите

Граѓанското општество и медиумите може да имаат значителна и активна улога во надзорот над финансирањето на политичките партии и во подобрувањето на нивната активна транспарентност. Имено, граѓанското општество и медиумите треба да бидат дополнителен актер кој покрај државниот надзор активно ќе учествува во антикорупциските напори.

Како добри практики од Република Северна Македонија, во овој контекст ја издвојуваме сторијата на Центарот за истражувачко новинарство **СКУП Македонија** во која меѓу другото се објавени и мапирани имотните листови на четирите, тогаш најголеми политички партии во Република Северна Македонија (СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ и ДПА), со што се открива големината и вредноста на имотот кој го поседуваат политичките партии.[35] Во однос на граѓански организации како добра практика ја издвојуваме **Платформата на граѓански организации за борба против корупција**[36], која меѓу другите активности вложува и напори во откривање на корупција и надзор над политичките партии[37].

Улогата на граѓанското општество и медиумите може да биде уште поголема доколку постојат поголем број на отворени податоци и бази на податоци за политичките партии кои понатаму тие може да ги користат за обработка и пречистување на јавно објавените бази на податоци и информации.

Како добри практики на надзор од граѓански сектор врз политичките партии врз основа на отворени податоци во светот ги издвојуваме следните:

[35] SCOOP, ВМРО-ДПМНЕ една од најбогатите партии во Европа (28.9.2016). Достапно на: https://bit.ly/3qfeLB8. Пристапено на: 7.12.2021 година.

[36] Платформа на граѓански организации за борба против корупција, Официјална веб-страница. Достапна на: https://www.antikorupcija.mk/

[37] Црвенковски Д, Јанева Б. Проблемите во финансирањето на политичките партии (Платформа на граѓански организации за борба против корупција). Достапно на: https://cutt.ly/LGRka6i. Хаџи-Зафирова Ж., Власта носи пари, а за опозицијата „трошки“ (Платформа на граѓански организации за борба против корупција). Достапно на: https://cutt.ly/LGRkll4.

- Центар за респонзивна политика (*The Center for Responsive Politics*) е непрофитна, непартиска истражувачка организација со седиште во Вашингтон, САД, која ги следи ефектите на парите и лобирањето врз изборите и јавните политики. Веб-страницата, *OpenSecrets.org*, овозможува во текот на федералната изборна кампања во САД да се следат донации и лобирање од фирми, индивидуални лобисти, федерални агенции и законите. Веб-страницата ги вклучува и личните финансиски имотни листови на сите членови на Конгресот на САД, претседателот на САД и највисоките функционери на Владата. Во 2012 година, веб-страницата - *OpenSecrets.org* имала речиси 35 милиони прегледи од повеќе од 5 милиони уникатни посетители.[38]
- Парите на политичките партии (*Money of Political Parties)* во Романија е платформа развиена во 2006 година, која има за цел да собира податоци кои ги сумираат приходите и расходите на романските политички партии, по кампања, донатори, годишните приходи и расходи. Информациите се собираат од различни владини извори, па се пречистуваат и се објавуваат во вид на отворени податоци. Исто така, на оваа платформа може да се следат изворите на приходите и расходите на политичките партии и нивните кампањи.[39]
- *Facebook Ad Observatory* е опсерваторијата за реклами на Facebook, која е дел од Проектот за онлајн политичка транспарентност на *NYU Tandon School of Engeniring* од Њујорк, САД. Овој непартиски, независен проект е фокусиран на подобрување на транспарентноста на онлајн политичкото рекламирање, со примена на традиционални методи кои се користат во сајбер безбедноста за да се проценат недостатоците на онлајн

[38] Ibid.

[39] Повеќе за платформата https://www.banipartide.ro/. Пристапено на: 7.12.2021 година.

страниците. Проектот создава алатки за собирање и архивирање на податоци за политичко рекламирање и ги прави јавно достапни.[40]

- Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) (*Westminster Foundation for Democracy*), исто така, активно работи на зголемување на транспарентноста на политичките партии на Балканот вклучувајќи ја и Република Северна Македонија. Во оваа насока, ВФД има објавено публикација „Транспарентност на политички партии во Западен Балкан“, која ја анализира транспарентноста на партиите во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија.[41] Публикацијата дава препораки за подобрување на транспарентноста на политичките партии. Ваквите препораки доаѓаат од самите политички партии кои се анализирани во публикацијата. Така, политичките партии предлагаат: развивање на платформа за членството на партијата каде секој член би можел да учествува во гласање во однос на одлуки на партијата, понатаму предлагаат мерки за поголема вклученост на локалното членство, но и начини како информациите поврзани со нивното финансиско работење да ги направат подостапни за јавноста. Исто така, во Србија ВФД, со цел да им помогне на партиите да ја подобрат својата комуникација со помладата популација, има објавено „Водич за дигитална политичка комуникација“ кој дава упатства за различните начини на дигитална комуникација за содржината што ја произведуваат политичките партии.[42]

[40] Повеќе информации достапни на https://2020.adobservatory.org/. Пристапено на: 7.12.2021 година.

[41] Political Party Transparency in the Western Balkans, Western Balkans Democracy Initiative, June 2020.

42 Westminister Foundation for Democracy, A Guide to Digital Political Communication (2020). Достапно на: https://www.wfd.org/sites/default/files/2022-01/SER_Art-of-Digital-Comms-WFD-Serbia-2020-Final.pdf. Пристапено на: 28.1.2022.

NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD

*Овој производ е подготвен од Фондацијата Отворено општество - Македонија за Меѓународниот републикански институт (ИРИ) во рамките на програмата „Унапредување на финансиската транспарентност на политичките партии во Република Северна Македонија“ со финансиска поддршка на Националниот фонд за демократија од Соединетите Американски Држави (САД).*

*За содржината се одговорни авторките и во никој случај не ги рефлектира позициите на Меѓународниот републикански институт (ИРИ) и на Националниот фонд за демократија.*